АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 23.05.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 2205 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 19 мај 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 23 мај 2023 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 11.04.2023 година, за непочитување на членот 14 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр. 03-158 од 11.04.2023 година) на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (11.04.2023 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 19 мај 2023 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за медиуми.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***